**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.** 08-5 / 97
02 · 07 · **20** 15 **година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 63 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08...), а во врска со член 9 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, на седницата одржана на 02.07.2015, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за утврдување на соодветни или сродни студиски програми студиски програми од втор циклус за упис на трет циклус на студии на Факултетот за безбедност-Скопје и формирање Комисија за обавување интервјуа

1. Со оваа Одлука се утврдува соодветни или сродни студиски програми од втор циклус за упис на трет циклус на студии на Факултетот за безбедност – Скопје, во студиската 2015/2016 година.

2. За соодветни или сродни студиски програми од втор циклус за упис на трет циклус студии на Факултетот за безбедност-Скопје, се утврдуваат:

- сите завршени студии од втор циклус на студии со 300 ЕКТС кредити и завршени последипломски студии од областа на општествените науки.
- сите завршени кандидати надвор од областа на општествените науки ќе треба да ги исполнат еден од следните дополнителни услови:

а) Да имаат објавено научни трудови од областа на безбедноста (со рецензија);
б) Да имаат учествувано во научно-истражувачки проекти од областа на безбедноста;
в) Да имаат работно искуство од најмалку 4 (четири) години во институција од областа на безбедноста.

3. Со оваа одлука се формира и Комисија за обавување на интервјуа во состав:
- проф. д-р Владимир Ортаковски - претседател
- проф. д-р Цане Мојаноски - член
- проф. д-р Томе Баткоски - член

4. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од одлуката да се достави до: Деканот, Продеканот за настава, Раководителот на Советот на трет циклус - докторски студии, Комисијата за обавување интервјуа, Одделение за студентски прашања, архива, да се истакне на огласна табла и да се објави на ВЕБ страната на Факултетот.

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ Република Македонија СКОПЈЕ БИТОЛА

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Оливер Бачановиќ**